**1081.**

Врз основа на член 218 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 март 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно член 212 од Законот за водите и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидросистеми и хидромелиоративни системи, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите (ерозија и порои) вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготвување и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квантитетот и квалитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во дел I од оваа програма, кои се утврдени во членовите 206, 213, 214 и 215 од Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

| **ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | |
|---|---|
| 1. | Надоместок за користење на води од: |
| 1.1 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час - 1% од производната цена |
| 1.2 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час - 0,5% од производната цена |
| 1.3 | Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода-2% од утврдената цена од давателот на услугата |
| 1.4 | Правни и физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) - 0,5% од продажната цена на производот |
| 1.5 | Правни и физички лица, кои користат вода за производство на храна, пијалоци и технолошки потреби - 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем |
| 1.6 | Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води - 7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода |
| 1.7 | Правни и физички лица, кои користат вода за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици- 3% од продажна цена на килограм риба, односно птици |
| 1.8 | Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен за хектар земјиште |
| 1.9 | Правни и физички лица кои користат вода за одводнување -1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата |
| 1.10 | Правни и физички лица кои користат вода за миење и сепарирање на песок, чакал и камен - 2% од цената на метар кубен сепариран материјал |
| 2. | Надоместок за испуштање на води од: |
| 2.1 | Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со променливи својства и отпадни материи и супстанции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води |
| 3. | Надоместок за вадење песок, чакал и камен од: |
| 3.1 | Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела и површините кои во Катастарот на недвижности се заведени „под води” - 7% од цената на метар кубен изваден песок, чакал и камен |
| 4. | Закупнина од земјиштето во сопственост на државата дадено под закуп, а коешто во Катастарот на недвижности е заведено „под води” |
| 5. | Буџетот на Република Северна Македонија |
| 6. | буџетите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје |
| 7. | Други финансиски извори во согласност со закон |

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат спрема одредените проценти по намени согласно член 212 став (6) од Законот за водите, и тоа за:

| **Намена** | **%** | **Планирани средства во (денари)** |
|---|---|---|
| Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти | 60.7 | **25.000.000,00** |
| Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода | 18.2 | **7.480.000,00** |
| Исплата на заостанати долгови по склучени договори од Програмата за управување со водите за 2022 година | 18.2 | **7.520.000,00** |
| Трошоци за спроведување на Програмата | 2.9 | **1.150.000,00** |
| **ВКУПНО** | **100** | **41.150.000,00** |

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма, ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти”.

Барањето од ставот 1 на овој дел може да го поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија, најдоцна до 31 март 2023 година.

Кон барањето од ставот 1 на овој дел треба да бидат доставени следните документи:

- Дозвола за користење на вода;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина и
- Документ за исправност на водата за пиење.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма, ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода".

Барањето од ставот 4 на овој дел може да го поднесат единиците на локална самоуправа и водостопанствата надлежни за реализација на овие проекти, најдоцна до 31 март 2023 година.

Кон барањето од ставот 4 на овој дел треба да бидат доставени следните документи:

- Водостопанска согласност;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

V

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма, се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа системот:
- урбана средина - 5 бода,
- рурална средина - 10 бода,

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението:
- од водоводна мрежа - 5 бода,
- од јавна чешма - 15 бода,
- од бунари - 10 бода,
- останато - 10 бода,

В) Финансиско учество на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување:
- < 25% - 10 бода и
- 25-50% - 20 бода.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма, се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа водотекот:
- урбана средина - 5 бода,
- рурална средина - 10 бода,

Б) Ризик од поплави:
- евидентирани поплави во последните три години - 20 бода,
- евидентирани поплави пред повеќе од три години - 15 бода,

В) Финансиско учество при реализација на проектите за регулација:
- < 25% - 10 бода и
- 25-50% - 20 бода.

VI

Средствата од дел III точки 1 и 2 од оваа програма, ќе се користат врз основа на претходно склучен договор за доделување на средства, спроведена постапка за јавни набавки и уредна исплатна документација.

VII

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-614/8
14 март 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1082.**

Врз основа на членот 4 став (5) од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19, 239/19 и 41/22), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Висината на минималната плата во бруто–износ во Република Северна Македонија, започнувајќи од април 2023 година изнесува 29.739,00 денари.

Бр. 08-2481/1
14 март 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1083.**

Врз основа на член 57 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 39 став (6) и член 40 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2018) Министерството за транспорт и врски го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се дава ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ за извршување на работите за издавање на меморориски картички на правниот субјект „ТАХОМОБИЛ" ДОО Скопје за период од 15 години почнувајќи од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија, кое опфаќа: спроведување на постапка за издавање или одземање на картички, вклучувајќи го начинот на издавање на картичките, водење на евиденција и регистар на мемориски картички од член 44 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2018), издавање на податоците од евиденцијата и извршување на работи поврзани со генерирање на потребните електронски клучеви потребни за изработка на мемориските картички.